# METHODOLOGY OF DETECTING AND PROVING HATE CRIME

**Emrah Mihtaroski**
Main Public Prosecutor's Office, Skopje, North Macedonia, emrah_mihtaroski@hotmail.com

**Abstract:** A hate crime is any act that is prohibited under criminal law, i.e. a basic offense and motivated by prejudice based on a specific characteristic of the victim (Murder, Art. 123, paragraph 2, item 4 of the Criminal Code, Bodily Injury, Art. 130, paragraph 2 of the Criminal Code, Serious Bodily Injury, Art. 131, paragraph 2 of the Criminal Code, etc.). The justification for this paper is based primarily on the frequent occurrence of this type of crime in society, the danger arising from their frequency, the profile and age of the perpetrators, the manner in which it is committed, as well as the consequences that arise from the commission of this type of crime. The Public Prosecutor's Office, as a guardian of the public interest, is also faced with new challenges, such as how to respond to this type of crime, how to recognize it, what methods to use to prove it, i.e. to provide credible evidence (legally relevant and legally obtained) on the one hand, and on the other hand, the prosecution of this type of crime should be carefully balanced, because the line between freedom of speech as a fundamental right of the individual and hate crime is thin, and at a given moment it cannot be identified. Hence, in a time of great availability of information, the way in which people communicate with each other, both here and around the world, undoubtedly indicates that this type of crime is already crossing national borders and jurisdictions, and is taking on wider international proportions. In some jurisdictions, hate crime is also treated within the framework of extremist or politically motivated crime. There are several indicators for recognizing this type of crime, and these are most often: circumstances related to the victim (national, ethnic, religious and other minority), circumstances related to the object of the attack, circumstances related to the perpetrator, the time and place of the crime, as well as the perception of the victim, i.e. whether the perpetrator is perceived as motivated to commit such a hate crime or not. The way of treating this type of crime requires the application of specific methods at an early stage of detection, i.e. during the previous procedure (pre-investigation and investigation), the skill and application of more innovative methods by the Prosecutor's Office, in cooperation with the judicial police, certainly gives the expected results from the aspect of proof. The incrimination of this type of crime in our legislation is not distinguished as a separate one, i.e. it appears as a qualifying, i.e. more serious form, of the basic titles of the crimes.
**Keywords:** Crime, hate, detection, evidence, recognition, methods.

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ОТКРИВАЊЕ И ДОКАЖУВАЊЕ НА КРИМИНАЛОТ ОД ОМРАЗА

**Емрах Михтароски**
Основно Јавно Обвинителство, Скопје, Република Северна Македонија,
emrah_mihtaroski@hotmail.com

**Резиме:** Криминал од омраза е секое дело што е забрането согласно кривичното право т.е основно дело и мотивирано од предрасудите врз основа на специфична карактеристика на жртвата (Убиство од чл.123 ст.2 т.4 од КЗ, Телесна Повреда од чл.130 ст.2 од КЗ, Тешка Телесна Повреда од чл.131 ст.2 од КЗ, итн). Оправданоста на овој труд е базирана пред се од честата појава на овој вид на кривични дела во општеството, опасноста што произлегува од нивната зачестеност, профилот и возраста на сторителите, начинот на кој што истиот се прави како и последиците што настануваат од сторувањето на овој вид на кривични дела. Јавното Обвинителство како чувар на јавниот интерес, меѓу другото е исправено и кон нови предизвици, а тоа е како да одговори на овој вид на криминалитет, како истиот да го препознае, кои методи ќе ги употреби за да може истото да го докаже, односно да обезбеди кредибилни докази (правно релевантни и на законит начин прибавени) од една страна, а од друга страна, гонењето на овој вид криминалитет, треба да биде внимателно избалансиран, од причина што, границата помеѓу слободата на говор како фундаментално право на поединецот и криминалот од омраза е тенка, во даден момент и не може да се идентификува. Па оттука, во време на голема достапност на информации, начинот на кои луѓето меѓусебно комуницираат, како кај нас така и во целиот свет, несомнено укажува на тоа да, овој вид на криминалитет веќе ги преминува националните граници и јурисдикции, и зазема се поширки меѓународни размери. Во некои јурисдикции, криминалот од омраза се третира и во рамки на екстремистички или политички мотивираниот криминал. Постојат неколку индикатори за препознавање на овој вид на кривични дела, а тоа најчесто се: околности поврзани со жртвата (национално, етничко, верско и друго малцинство), околности

поврзани со објектот на напад, околности поврзани со сторителот, времето и местото на сторување, како и перцепцијата на жртвата, односно дали истата, сторителот го перцепира како мотивиран да стори вакво дело од омраза или не. Начинот на третирање на овој вид на криминалитет, бара примена на специфични методи уште во рана фаза на откривање, односно во текот на претходната постапка (пред истражна и истражна), умешноста и примена на по иновативни методи од страна на Обвинителството, во соработка со правосудната полиција, секако ги дава очекуваните резултати од аспект на докажувањето. Инкриминацијата на овој вид на криминалитет во нашето законодавство не е издвоена како посебна, односно истата се јавува како квалификаторен т.е потежок облик, на основните наслови на делата.

**Клучни зборови**: Криминалитет, омраза, откривање, препознавање, докажување, методи.

## 1. ВОВЕД

Суштината на кривично право е пред се социјалната функција, а кои што има за задача да ги заштитува правата и слободите на луѓето, да воспостави ред во општеството односно да го штити општеството од забранетите човекови поведенија и активности. Една од основните функции на кривичното право е заштитната функција, преку која се штитат општеството и поединецот, односно оние најважни вредности врз кое се засноваат модерните демократски општества.

Кривичното дело како девијантно, асоцијално или антисоцијално однесување на поединецот, се јавува како резултат на одредени причини или услови кој настануваат во местото на сторување на истото, а понатаму попратени со кривична одговорност и кривична санкција за сторителите.

Па оттука, криминал сторен од омраза, како појава, претставува пред се, сторени кривични дела во кои мотивот е базиран од предрасуди кон одредена групна припадност на жртвата, како на пример, кон расниот, етничкиот, религискиот идентитет на жртвата. Како кај сите кривични дела, предвидени во позитивните законски прописи, како такви, така и за кривичните дела сторени од омраза, потребно е во дејствијата на сторителот да се содржани елементите кои што го сочинуваат конкретното дело, како човеково поведение пропишано како неправо и санкционирано согласно Кривичниот Законик.

Карактеристично за криминалот од омраза, за да можеме да го наречеме и како таков, неопходно е да бидат содржани и кумулативно исполнети елементите на делото, како субјективниот така и објективниот елемент, односно елементите на основното кривично дело и пристрасна мотивираност за негово сторување.

Кога зборуваме за овој вид на криминалитет, она што е значајно да се напомене е тоа што, во Законодавството на Република Северна Македонија, не постои посебен наслов или посебно т.е специјално дело именувано како такво, а ниту пак посебна глава, истото се јавува како квалификаторен облик на основните дела, или поблиску кажано, во било кој член кои што ја препознава пристрасноста како мотивација  при докажување или казнување на оваа дело.

## 2. ПРАВНА РЕГУЛАТИВА И ИНКРИМИНАЦИЈА НА ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА.

Казненото материјално право во Република Северна Македонија е предмет на постојани реформи, измени и дополнувања. Тоа е резултат на постојаните општествени и глобални процеси кои имаат влијание и последици врз загрозувањето на основните човекови слободи и права, врз загрозување на безбедноста, како и врз квалитетот и квантитетот на состојбите. Кривичниот законик на Република Северна Македонија од 1996 година па заклучно со последната измена од 2023 година, се измени и дополни неколку пати. Во структурата и систематичноста на самиот Законик, не постојат посебни или специјални дела именувани како „Омраза„ или пак „Криминалитет од Омраза„„ за прв пат терминолошки со овој вид на изрази се среќаваме со новелата од 2009 година, како и измените во  2018 година, каде се направи посебна регулација и инкриминација, па така со измените на чл.122 од КЗ, каде се додаде нов став 42 а кој истиот гласи: „Како дело од омраза изречено и предвидено со одредите од овој Законик, се смета кривично дело против физичко или правно лице и со нив поврзани лица или имот кое е сторено во целост или делумно поради реална или претпоставена (замислена, вообразена) карактеристика или поврзаност на лицето што се однесува на раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација или политичко уверување„ со оваа измена се даде едно поопширно толкување на некои изрази, се појаснува што значи дело од омраза, од аспект на доследна примена на Законот, неговите појавни облици и објект на заштита.

Понатаму, со наведените измени на Кривичниот Законик, се направија интервенции во неколку посебни кривични дела, каде мотивот на стореното кривично дело е „од омраза„ и истото се појавува како квалификаторен став и запречената кривичната санкција е повисока, така на пример во член 123 (**Убиство**) во ставот 2 алинеја 4 кое гласи, „ Казна затвор од најмалку десет години или доживотен затвор ќе му се изрече на тој кој: лишува друг од живот од користољубие, заради извршување или прикривање на друго

кривично дело, од безобзирна одмазда, од омраза или од други ниски побуди,, понатаму, Членот 130 став 2 (**Телесна повреда**) кој гласи,, Тој што ќе го стори делото од ставот (1) на овој член при вршење родово-базирано насилство, насилство врз жена или семејно насилство или од омраза или спрема лице кое е посебно ранливо поради неговата возраст, тешките телесни или душевни пречки или бременост, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години,, Членот 131 (**Тешка телесна повреда)** во ставовите 1 и 2 кој гласат ,, Тој што друг тешко телесно ќе го повреди или здравјето тешко ќе му го наруши, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години, (2) ,, Тој што ќе го стори делото од ставот (1) на овој член при вршење родово-базирано насилство, насилство врз жена или семејно насилство или од омраза или спрема лице кое е посебно ранливо поради неговата возраст, тешките телесни или душевни пречки или бременост, ќе се казни со затвор од една до пет години,,

Измени и дополнувања се извршени и во останати посебни кривични дела, како во Член.139 (Присилба), Член.140 (Противправно лишување од слобода), Членот 142 (Тортура), Член.144 (Загрозување на сигурноста), Член. 155 (Спречување или смеќавање јавен собир), Член. 186 (Полов напад и силување), Член. 188 (Силување на дете кое не наполнило 15 години ), Член. 236 (Тешка кражба), Член. 236 (Разбојничка кражба), Член. 258 ( Изнуда), Член. 386 (Насилство), Член. 400 (Скренавење на гроб).

Понатаму, се изврши и измена на рамката на казнување, како на видот така и на висината на кривичната санкција, односно подигната е долната граница на казнување.

Во однос на меѓународната регулатива од битно значење е да напоменеме дека постојат голем број на Меѓународни конвенции кој што се донесени и прифатени и од наша страна, истите се имплементирани и се дел од нашиот правен систем (Женевските конвенции за заштита на жртвите на војната со дополнителните протоколи од 1948 година, Декларацијата за елиминирање на насилство спрема жените на ОН од 1993 година)

## 3. РАЗЛИКАТА ПОМЕЃУ КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА И ДРУГИТЕ ФОРМИ НА НЕТОЛЕРАНЦИЈА

Постојат неколку клучни разлики со кои се прави дистинкција помеѓу криминал од омраза и другите форми на нетолеранција кои што се појавуваат во општеството, како на пример, дискриминација, клевета и навреда, говор на омраза итн. За разлика од криминалот на омраза, говорот на омраза како говор кој навредува или деградира на определена основа е изразување кое е забрането поради конкретната содржина, но самото изразување не значи дека и постои кривично дело.

Според тоа, на говорот на омраза му недостига првиот суштински елемент на криминалот од омраза односно базичното кривично дело (ако мотивот или содржината со предрасуда се тргнат, ќе нема кривично дело). Директното и непосредно поттикнување на кривични дела вообичаено е забрането. Таму каде што ќе се појави вакво поттикнување со мотив од предрасуда тоа треба да биде категоризирано како криминал од омраза бидејќи постои базичното кривично дело. Во секој случај, говорот од омраза може да претставува доказ за сторениот криминал од омраза. Со други зборови, расистичкиот говор или говорот со предрасуди пред, во текот, или по кривичното дело, може да претставува доказ за мотивот на сторителот и обично е дел од кривичната истрага на криминалот од омраза. На пример тоа би биле етничките навреди кои му претходеле или го придружувале физичкиот напад или испишувањето на графити со расистичка содржина на верски објект кој бил оштетен. Во вакви случаи навредите и графитите се доказ за мотивот од предрасуда, нападот односно вандализмот во овој случај ќе биде третиран како криминал од омраза.

Понатаму, она што ја прави разликата помеѓу говорот на омраза и криминалитетот од омраза е недостигот на посебно кривично дело и последица (нанесување повреда, оштетување на нечии имот) со исклучок на неколку дела во потесна смисла, исто така и непостоење на конкретна жртва или оштетен, туку објект на напад најчесто е колективна навреда, јавен ред и мир.

Исто така, постои разлика помеѓу дискриминација и криминал од омраза, во главно тука ќе го напоменеме фактот што, постапките поведени по повод утврдување на дискриминација по било кој дискриминаторски основ, се предмет на граѓанска постапка кои се решаваат во рамки на парничната постапка, која што пак е уредена поразлично во однос на кривичната постапка.

## 4. ПРЕПОЗНАВАЊЕ

Омразата како негативна човекова особина, претставува силно чувство на непријателство, одбивност спрема некого и нешто, тоа е мисловен процес кои на некој начин треба да се препознае, перцепира и третира. Препознавањето на кривичните дела сторени од омраза, и нивно понатамошно докажување како такви, претставува прилично сложен процес од причина што, истите најчесто се откриваат или докажуваат преку вербална комуникација со актерите вклучени во истиот, тоа претставува процес во рамки на испитувањето на осомничениот, со исклучок доколку за тоа не постојат јасни материјални докази кои што несомнено ќе го

откријат мотивот, или пак доколку истите се сторени како криминал со порака, од кои јасно и недвосмислено може да се утврдат мотивите (како графити, пораки, коментари или писанија). Постојат неколку индикатори кои може да укажуваат и да го препознаат овој вид на криминалитет.

Местото и времето на сторување на самото дело, претставуваат потенцијални индикатор и во дадени ситуации може да го препознае овој вид на криминалитет, така на примери, доколку истото е сторено во место и време каде што се организира некоја свеченост или настан а кои што припаѓа или е карактеристична на одредена група луѓе и само таа како таква може да биде присутна во тоа место и во тоа време, тоа се најчесто настани организирани од страна на ЛГБ заедниците односно Геј Паради, настани по повод национални обележја или манифестации, верски настани како обреди или слично.

Разликите по основ на етничка, верска, културна или друга припадност, помеѓу осомничениот и жртвата може да биде меѓу другото и една од индициите на препознавање на овој вид криминалитет, така да неретко се случува да одредено кривично дело се стори само како резултат на тоа што, самата жртва припаѓа на одредена етничка припадност.

Во поново време се по изразено кај младата генерација најчесто средношколци кој предизвикуваат одредени насилства а кои имаат за последица телесно повредување (телесни или тешки телесни повреди) а додека пак причините за таквото асоцијално однесување речиси и да не постојат, единствено само припадноста кон одредена заедница е единствената причина, се разбира во отсуство на немање на други мотиви односно причини зошто се прави истото.

Клучна или би рекле значајна улога во препознавањето на овој вид на криминалитет, има и самата жртва или оштетен, неговата перцепција во однос на тоа, како таа го доживува неправото кое што и е сторено, причините, начинот и другите околности под кои е сторено ваквото дело, нејзините наводи може да укажат или да наведат дека, единствен мотив за стореното дело да е токму омразата.

Имено, казненото дело предизвикува последици не само во однос на жртвата на делото, туку и врз нејзината потесна или поширока околина, или општеството во целина. Така, секое убиство предизвикува реакција на јавноста, изразена како осуда, згрозување, барање за строго казнување на сторителот и слично. Но специфичност на делото на омраза е неговата инструментална природа дејствието на делото е насочено кон конкретна жртва, но истовремено е насочено и врз општествената група на која таа и припаѓа.

Последиците од сторување на кривичните дела од омраза можат да бидат далеку поголеми од колку навидум изгледа тежината или штетата од стореното дело, бидејќи ризикот од колективна реакција се јавува post factum односно после извршувањето на делото. Постои веројатност од тоа да последиците доведат и до појава на реваншизми или потешки форми на нетрпеливост, конфликт, колективно насилство, одмазда, па дури и вооружен конфликт, кои може да имаат непоправливи последици за општеството во целина. Исто така, казненото дело не предизвикува последици само во однос на жртвата на делото, туку и врз пошироката околина. Така, секое насилство извршено на јавно место имплицира реакција на јавноста, изразена како осуда, згрозување, барање за строго казнување на сторителот и слично. Посебноста на овие дела сторени од омраза е неговата инструментална природа, односно дејствието на делото во моментот на сторување е насочено кон конкретна жртва, но истовремено е насочено и врз општествената група на која таа и припаѓа, и преку последицата се испраќа одредена порака.

Во текот на постапката како индиции кои може да се појават најчесто се, начинот на извршување на кривичното дело, како на пример на безобзирен начин, поранешните лични односи помеѓу сторителот и жртвата, односно дали истите претходно се познаваат или имаат нарушени меѓучовечки односи, понатаму припадност на различни национални, етнички и верски групи, објектот на заштита на делото и самото дејствување на сторителот врз заштитеното добро, како на пример скврнавење на верски објекти, средствата со кои е извршено делото или instrumentum operandi, однесувањето на сторителот за време или по извршување на делото, дали истиот манифестира чуство на задоволство во јавноста, неговите подоцнежни изјави итн..

Во случај на насилен напад што нема друг очигледен мотив, како и онаму каде постои расна или друга групна разлика меѓу жртвата и сторителот, бруталноста на криминалот е силен индикатор дека криминалот можело да е мотивиран од пристрасност. Секој може да биде жртва на криминал од омраза, без оглед на тоа дали е припадник на малцинска група. Сепак, некои групи непропорционално страдаат од криминалот од омраза врз основа на нивната вероисповед, раса, етничка припадност, попреченоста или сексуалната ориентација. Во некои, иако ретки, случаи, криминалот од предрасуди покажува екстремно, брутално насилство што произлегува од начинот на кој сторителите се стремат да ги дехуманизираат жртвите против кои имаат гледишта полни предрасуди и нетолеранција

Причините за појава на овој вид кривични дела, може да бидат различни и многубројни, а најзначајни се љубомора, огорченост, непријателски став спрема одредена група, кој како негативна емоционална состојба се појавува кај сторителот.

## 5. МЕТОДОЛОГИЈА НА ОТКРИВАЊЕ

Криминалистичката методика и примената на посебните методи на прибирање на докази за откривање на сторителите на кривичните дела сторени од омраза можеби претставува и причина со кои истите се разликуваат од останатите кривични дела. Специфичностите и предизвиците кои што произлегуваат при постапување со овој вид на криминалитет, налагаат едно проактивно и ретроактивно делување, односно превентивно и репресивно делување со одделни групации. Идентификувањето и понатамошното третирање на делата на омраза се усложнуваат и со фактот што омразата или дискриминаторската основа како мотив на казненото дело не мора да бидат манифестирани низ објективните обележја на делото, туку истата се утврдуваат во текот на казнената постапка со помош на непосредни и посредни докази. Прибирањето на податоци за стореното дело како и идентификувањето на сторителот, дополнително го отежнува и фактот што, во многу случаи сторителите на овие кривични дела останувaат непознати. Ова најчесто се случува доколку самото дело е сторено преку информатичко-комуникациски систем а кој што пак е креиран врз основа на лажни податоци на сторителот.

Методолошкиот пристап на откривање на кривично дело и сторител на кривично дело, подразбира познавање на одредени тактики и техники од страна на лицата задолжени за откривање и гонење на криминалот, па отука во зависност во која фаза се најдува процесот, адекватно на тоа треба да се применат и тие методи се со цел разјаснување, откривање и документирање на истото. Тргнувајќи од законската поделба на самата претходна постапка, на тоа да истата е поделена на предистражна и истражна постапка, карактеристично за истото е токму онаа почетна фаза на дознавање за стореното дело а во случајов дело каде мотив на сторување е „од омраза„. Воглавно уште во првите моменти од дознавањето за постоење на ваков вид на кривично дело, на криминалистичката полиција паѓа товарот истото да го документира и да прибере соодветни докази, а во координација и насоки на Јавниот Обвинител. Во пракса, најчесто кривичните дела сторени од омраза, во оние први моменти на постапување и не можат да се забележат, начелно се постапува со стандардни и проверени методи на документирање ( записник за пријава, медицинска документација, разговор со повикано лице кое може да биде и осомничениот, сведок или самата жртва итн),

Понатаму, целта на предистражната постапка и од истрагата е да даде одговор на прашањето, дали делото е извршено поради припадност на жртвата кон група која се карактеризира со особености односно дали постои каузалитет односно причинско-последична врска помеѓу таквите особености и дејствието на сторителот и дали истите имале решавачка улога врз сторителот да го стори делото.

Улогата на правосудната полицијата и на јавното обвинителство, пред се треба да биде насочена, кон пронаоѓање на докази кои ќе го потврдат мотивот за сторување на делото, во таа насока, секако предност би било доколку, овластените службени лица добро да ги познаваат состојбите и приликите во местото каде што ја извршуваат својата задача од аспект на соци-културни активности на групата или заедницата, нивните особености и карактеристики што ги прави различни од другите. Но се разбира, доколку се појават индиции за постоење на мотивот и во зависност од истите кои може да се појават, така и начинот на делување би се адаптирал. Не секогаш се постапува со истите методи туку оперативниот план зависи од начинот на извршување на делото (груб, насилнички, безобѕирен начин, нарушени односи и непријателство врз национална и друга основа, припадност на различни национални, етнички и слични групи), понатаму објектот на дејствието кон кого е насочено делото како на пример скврнавење на верски објекти итн, средствата со кои е извршено делото, како и однесувањето на сторителот за време или по извршување на делото, така и ќе се постапува.

Првичното планирање и прибраната информација за кривичен настан што индицира постоење на овој вид на кривично дело е најбитно и најзначајно, во зависност од тоа со какви првични информации располагаат органите на прогон, така и ќе го поставаат оперативниот план. Па оттука , како битни методи би ги напоменеле психолошкото профилирање, обезбедување на местото на настанот, увидот како итно и неодложно истражно дејствие, криминалистички експеримент, испитувањето на обвинет итн.

## 6. ЗАКЛУЧОК

Постапувањето на истражните органи во однос на овој вид на криминалитет во праксата се покажува како не многу ефективен, истите наидуваат на многу бројни пречки кои се појавуваат во текот на работењето. Причините за тоа се многубројни, најпрво би го спомнале поставеноста на самиот казнено-правен систем

како таков. Со измените на Кривичниот Законик, за прв пат во нашиот правен систем односно во законодавството на Република Северна Македонија, се пропишува дело на омраза и тоа во општиот дел на Кривичниот Законик, односно општа одредба од член 39, со кои се одмерува висината на казната, односно олеснителните и отежителните околности, по што се предвиде како отежнувачка околност при одмерувањето на висината казната за секое дело, односно во својата одлука судот треба има во вид и да го земи предвид фактот што доколку сторувањето на делото е против лице врз дискриминациска основа, на сторителот да му изрече построга санкција. Понатаму, со измените од 2018 година, се направија крупни измени во посебниот дел од Кривичниот Законик, каде што во многу дела како квалификаторен елемент е ставена инкриминацијата на омразата како една од алтернативите под кои што е сторено делото. Она што најчесто прави проблем во праксата е отсутност на јасни и прецизни одредби, како и отсуството на посебни кривични дела го отежнуваат разгрничувањето од останатите форми на нетолеранција, а кои што се регулираат со други Закони, надвор од сферата на кривичното право. Исто така она што недостасува е методологијата на откривање и докажување, правосудната полиција која што е прва повикана да постапува, секогаш делува на линија на помал отпор, па така речиси многу е мал бројот на поднесени кривични пријави каде како основ се појавува омразата, тоа е најчесто така од причина што истото бара еден поинаков пристап кон работите, како  примена на поиновативни и по креативни методи на документирање на самиот настан. Понатаму, како спореден проблем се и човечките ресурси со кои располагаат органите на прогонот, вложувањето во нивно постојано усовршување по пат на континуирани обуки за да како би можело истите да се попрофесионализираат и подготват за постапување на овој вид на кривични дела.

**БИБЛИОГРАФИЈА**

Божиновски, А. (2018). „Концептот на кривични дела од омраза во земјите на западен балкан Компаративна анализа и актуелни предизвици" http://journal.maclc. mk/wpcontent/uploads, Andrej-Bozinovski.p

Кривичен законик ("СВ РМ," 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/ 2005, 60/2006, 73/2006, 87/2007, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 115/2014, 132/2014, 160/ 2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018, 36/2023, 188/2023.

Камбовски, В., & Лазарова-Трајковска, М. (2012). Правна анализа на концептот на казненото дело на омраза и говорот на омраза, ОБСЕ,(2012), Скопје, Достапно на: http://www.jpacademy.gov.mk/upload/ PDF%20Files/Pravna%20analiza.pdf. Пристапено на 26 март 2017.

Сулејманов, З. (2003). Криминологија, Институт за социолошко и политичкоправни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.

Bergman, P., et all (2020). The Criminal Law Handbook: Know Your Rights, Survive the System *[16 ed.]* Nolo, (English).

Baker, C. E. (2009). Autonomy and Hate Speech, Extreme Speech and Democracy, Editors Ivan Hare and James Weinstein, Oxford University Press pg. 139- 158.

Bergman, P. (2020). Criminal Law: A Desk Reference *[5 ed.]*, NOLO, English.

Bergman, P., & Berman, S. (2020).The Criminal Law Handbook: Know Your Rights, Survive the System *[16 ed.]* NOLO, English

Hering, J. (2022). Criminal Law – the Basics, Routledge, English.

Ignjatovic, Dj. (2008). Kriminologija, Pravni Fakultet Universiteta u Beogradu.

Ignjatovik, G. (2012). Kriminologija, Pravni fakultet, Univerziteta u Beograd.

Jupp, V. (1989). Methods of Criminological Research, Routledge

Mitsilegas, V. (2022).   EU Criminal Law, Hart Publishing, English.

Sottaux, S. (2022). "Conflicting conceptions of hate speech in the ECtHR`s case law", German law journal.